ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2021 ГОДИНА

Образложенија кон финансиските извештаи
Проект од Меѓународна организација INTOSAI
Сметка 785
Програма 20-Државна ревизија

Скопје,декември 2021 година

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**СРЕДСТВА ОД БУЏЕТ НА РСМ**

---

**ВОВЕД**

## 1.1. Основање и статус

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, основана со Закон донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди правилно и ефикасно трошење на јавните средства.
Организацијата, надлежностите и работењето се утврдени со Законот за државна ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/10,145/10,158/11 ,12/14, 43/14 и 154/15,192/15,27/2016,27/2016 и 83/2018 година).

## 1.2. Дејност

Државниот завод за ревизија спроведува државна ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија, на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на буџетите на Фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, јавните претпријатија, Народната банка на РСМ, правните лица во кои државата е доминантен акционер, политичките партии финансирани со средства од Буџетот, агенциите и други институции основани со закон, другите институции финансирани од јавни средства и корисниците на средства од Европската унија и други меѓународни институции.

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа која ја донесува главен државен ревизор го утврдува бројот на субјектите кои ќе бидат опфатени со државната ревизија како и видот на ревизиите кои ќе бидат спроведени.

## 1.3. Организациона поставеност

Со Правилникот за внатрешна организација на ДЗР заверен под број 01-803/1 од 28.08.2020 година и Правилникот за систематизација на работни места во Државен завод за ревизија (заверен со архивски број 01-803/1 од 28.08.2020 година и број 01-803/2 од 28.10.2020 година е уредена внатрешната организациска поставеност и работните места во Државниот завод за ревизија

## 1.4. Раководење и управување

Со Државниот завод за ревизија раководи главен државен ревизор.

Главен државен ревизор се избира врз основа на оглас. Главниот државен ревизор го претставува и застапува Државниот завод за ревизија.

Со Државниот завод за ревизија раководи и Заменик главен државен ревизор.

Заменик главниот државен ревизиор го заменува главниот државен ревизсор во негово отсуство .

Раководни работници во Државниот завод за ревизија се: Помошник главен државен ревизор и генерален секретар.

Меѓународната институција на врховни ревизорски институции INTOSAI во месец октомври 2020 година има објавено повик за прием на апликации за доделување на грант наменет за континуитет на Врховните ревизорски институции за време на Covid -19.Државниот завод за ревизија до Меѓународната институција на врховни ревизорски институции INTOSAI достави Барање за доделување на грант заведен под број 18-927/1 од 30.10.2020 година за набавка на лаптоп компјутери.Од страна на Меѓународната институција на врховни ревизорски институции –INTOSAI односно до Главниот државен ревизор испратено е известување дека на Државниот завод за ревизија одобрен му е грант за набавка на лаптоп компјутери во износ од 10.000 евра заведено под број 18-927/2 од 30.11.2020 година.За таа намена отворена е сметка во Сектор трезор-Министерство за финансии 020021504078545 за реализација на проектот. На ден 09.12.2020 година добиени се средства од INTOSAI во денарска противредност од 613.841 денари преку Народна банка на РСМ.
Со цел реализација на доделениот грант од страна на Главниот државен ревизор донесено е решение број 25-1105/1 од 29.12.2020 година за набавка на преносни компјутери (лаптопи) согласно кое беше спроведена постапка за јавна набавка во текот на 2021 година за набавка на информатичка и видео опрема.Во текот на 2021 година добиени се дополнително уште 87.695 денари од INTOSAI и со тоа вкупните реализирани приходи се во вкупен износ од 701.556 денари.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА СМЕТКА 020021504078545

### 3.1. Трансфери и донации

Оваа позиција ги прикажува средствата обезбедени од Меѓународната институција на врховни ревизорски институции INTOSAI во вкупен износ од 701.556 денари.

### 3.2. Капитални расходи

#### 3.2.2 Купување на опрема и машини

На оваа позиција реализирани средства има во вкупен износ од 701.556 денари во 2021 година.

## 4.БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.12.2021 ЗА СМЕТКА 020021504078545

### 4.1 Тековни средства

Оваа позиција на ден 31.12.2021 година е 0 денари.

### 4.2 Тековни обврски

Оваа позиција на ден 31.12.2021 година е 0 денари.

Последна извршена трансакција на оваа донаторска сметка е на ден 26/05/2021 година со извод број 3 и салдото на жиро сметката е 0 денари.
Проектот е завршен и целосно имплементиран и доставено е барање за затварање на донаторската сметка до Министерство за финансии –Сектор трезор со наш архивски број 05-1176/1 од 02.11.2021 година .На ден 15.11.2021 година со архивски број 05-1176/2 имаме добиено повратен одговор од Министерство за финансии – Сектор трезор дека сметката е затворена .

Изработил: Данче Ангеловска ,
Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќање

Државен завод за ревизија

Проект од Меѓународна организација INTOSAI

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2021
## Донаторска сметка 785

во денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 613.861 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **613.861** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **613.861** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.2 | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 613.861 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **613.861** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **613.861** | **0** |

Државен завод за ревизија

Проект од Меѓународна организација INTOSAI

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА
**Донаторска сметка 785**

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1 | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 701.556 | 701.556 | 613.861 |
| **Вкупно приходи** | | **701.556** | **701.556** | 613.861 |
| **Расходи** | 3.2 | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2.1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **0** | **0** | **0** |
| **Капитални расходи** | 3.2.2 | **701.556** | **701.556** | **0** |
| Капитални расходи | 3.2.2.1 | 701.556 | 701.556 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **701.556** | **701.556** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **701.556** | **701.556** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **0** | **613.861** |